# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА
# ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

- **ОРГАНИЗАТОР НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 1**
  Организатор на наградната игра ,,EAST GATE MANIA” односно ,,ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА” е Друштво за управување со недвижен имот Ееаст Гате Малл, со седиште на ул.Беласица бр.2, Скопје, Гази Баба, со ЕДБ МК 4043019526203 и ЕМБС 7339046 (во понатамошниот текст: Организатор)

- **ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 2**
  Официјалното име на наградната игра е ,,EAST GATE MANIA” односно ,,ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА” .

- **ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 3**
  Целта на оваа наградна игра е рекламирање на производите и услугите на организаторот.

- **ТЕРИТОРИЈА**
  **ЧЛЕН 4**
  Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува во склоп на продажните субјекти во трговскиот центар кои имаат свое продажно место/подружница во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ и кои учествуваат во истата согласно правилата за учество на продажен субјект.

- **ПРАВО НА УЧЕСТВО**
  **ЧЛЕН 5**
  Во наградната игра право на учество имаат сите полнолетни граѓани во Република Северна Македонија кои ќе купат производи во вредност од минимум 3000 денари или повеќе, од продажните субјекти кои се дел од наградната игра. Лица под 18 години не може да учествуваат во наградната игра. Вработените во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ како и нивното потесно семејство, немаат право на учество во наградната игра

- **ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 6**
  Наградната игра ќе започне на 01.07.2022 година и ќе трае до 01.09.2022 година. Во рамки на овој период, потрошувачите можат да купуваат, да ги собираат и да ги праќаат броевите и датумите на фискалните сметки на специјализирани телефонски броеви за намена на собирање на пораки.

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА
# ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

## • МЕХАНИЗАМ НА НАГРАДНАТА ИГРА
## ЧЛЕН 7

Наградната игра ќе трае од 01.07 -  01.09.2022 (крај на испраќање пораки во последниот ден е 16 часот). Право на учество имаат потрошувачи кои купиле производи во вредност од 3.000 денари и нагоре (во продажно место во трговскиот центар кое учествува во наградната игра), и кое е докажано и документирано со фискална сметка. Фискалната сметка со двојна вредност од утврдениот минимум (6.000мкд) не може да се смета како двојна можност за учество, и потрошувачот нема право да игра два пати. Потрошувачите своето учество го пријавуваат на тој начин што праќаат смс порака на телефонскиот број 149941 достапен од операторите А1 и Македонски телеком во Република Македонија, специјално наменет за оваа наградна игра содржи број на фискална сметка и дата на издавање на сметка а во следниот формат:
#ххххх дд.мм.ггг
- Оператори чии корисници можат да учествуваат се ТЕЛЕКОМ и А1 Македонија.
- Добитникот е потребно да ја приложи фискалната сметка при подигнување на наградата, а истиот ќе биде идентификуван според телефонскиот број и фискалната сметка која треба да ја чува и да ја покаже во оригинал.
- Потоа, по случаен избор (по автоматска постапка, со помош на софтвер) секој четврток ќе бидат одбирани добитници на одреден број награди (пропорционално распределени по недели), а за секоја награда ќе бидат обезбедени и два резервни добитници.

## • УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
## ЧЛЕН 8

Основен услов за учество во наградната игра е потрошувачот да е полнолетен, како и да потроши минимум 3000 денари во трговски субјект кој потврдил учество во наградната игра. Списокот на закупци ќе биде јавно објавен на социјалните мрежи на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ дооел Скопје, (Facebook / Instagram), како и на веб страната.
Секој учесник може да учествува со неограничен број на фискални сметки, се додека износот е минимум 3000 денари.
Сметки чиј износ е двојно од минималниот, не се вклучуваат во играта два пати, односно без разлика на сумата потрошена, секоја фискална сметка може да биде испратена само еднаш.
Секој учесник може да игра неограничено, и да праќа неограничен број на смс пораки доколку ги исполнува правилата.

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

Секој добитник на награда може да продолжи со играње и да биде добитник повторно.
Фискална сметка издадена од трговски субјект кој учествува во наградната игра, но не на локација на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, односно била издадена од истата компанија но на друга локација, нема да биде земена предвид.
Организаторот го задржува правото да ги одбие сите фискални сметки кои се стекнати на нелегитимен начин, копирани, повторувани, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на било кој начин.
Организаторот ќе ги смета за невалидни наградните купони кои се стекнати преку избор на смс порака чии податоци не соодвестуваат со оние на физички приложената фискална сметка.

- **НАГРАДЕН ФОНД НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 9**

Вкупниот награден фонд на наградната игра изнесува 382,649.00 мкд со вклучен ДДВ.
Како главни награди кои ќе се доделуваат во извлекувањето се: iPhone 13 Pro 128GB, Електричен тротинет од Нептун, и од Barcino: 5 аранжмани за летување во Грција.
Главните награди се вклучени во вкупниот фонд на награди.
Вкупен фонд на награди:
*Прикачена засебна Excel табела со наведени награди.

- **ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**
  **ЧЛЕН 10**

Извлекувањето ќе се одвива преку специјален софтвер сместен во трговскиот центар ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ на ул.Беласица бр.2 Скопје, кој е специјално наменет за случаен избор на добитници на награди во наградни игри, односно од базата на примени пораки по случаен избор (електронски) ќе се вршат извлекувањата.
За спроведување на наградната игра ќе биде составена жири комисија од два членови.
1.Претставник од ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
2.Претставник од НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ
Извлекувањето на наградите ќе се одржува секој четврток во периодот од  01.07.2022 година до 01.09.2022 во 16:00 часот со објавување на телефонскиот број на добитникот со прикриени последни две цифри, на социјалните мрежи и на веб страницата на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.
Одговорното лице од маркетинг секторот на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ќе го повика добитникот на телефонски број и ќе го повика да се идентификува, да ја покаже фискалната сметка и да дојде да ја подигне својата награда.
Во извлекувањето ќе учествуваат сите учесници (потрошувачи) кои податоците ги испратиле најдоцна до 01.09.2022 до 16 часот.
Сите овие учесници учествуваат низ целата наградна игра, односно еднаш испратена валидна смс порака се натпреварува до крајот на играта, вклучувајќи ги и главните награди.

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА
# ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

- **ДАТУМИ НА ИЗВЛЕКУВАЊЕ, КАКО И РАСПОРЕД НА НАГРАДИТЕ КОИ ЌЕ СЕ ДОДЕЛАТ ВО СЕКОЕ ИЗВЛЕКУВАЊЕ:**

07.07.2022

Fashion Group ваучер, Yeppeuda ваучер, My Time ваучер, DM ваучер, Max Optica ваучер, FABU Spot пакет производи 1, Reserved ваучер, Armani Exchange ваучер Intersport ваучер.

**14.07.2022**

Barcino – Аранжман во Грција 1, Yeppeuda ваучер, Max Optika ваучер, Motocentar ваучер, FABU Spot пакет производи 2, Fresh Express ваучер, JYSK ваучер, Access Fashion ваучер, Мapo City пакет производи.

**21.07.2022**

Fashion Group ваучер, DM ваучер, Max Optika ваучер, SinSay ваучер, FABU Spot пакет производи 3, Galerija производ, Carpisa производ 1, Reserved ваучер, Armani Exchange ваучер.

**28.07.2022**

Barcino Аранжман во Грција 2, Max Optika ваучер, Motocentar ваучер, SinSay ваучер, FABU Spot пакет производи 4, Fresh Express ваучер, JYSK ваучер, Access Fashion ваучер, Bonatti ваучер.

**04.08.2022**

Fashion Group ваучер, Yeppeuda ваучер, Max Optika ваучер, FABU Spot пакет производи 5, Fresh Express ваучер, Yamamay производ, Mohito ваучер, XYZ ваучер, Oliver Weber ваучер.

**11.08.2022**

Yeppeuda ваучер, DM ваучер, Max Optika ваучер, Motocentar ваучер, FABU Spot пакет производи 6, Yamamay производ, JYSK ваучер, Ozdilek ваучер, Krusel детски тротинет.

**18.08.2022**

Barcino аранжман во Грција 3, Max Optika ваучер, FABU Spot пакет производи 7, Fresh Express ваучер, Yeppeuda ваучер, Mohito ваучер, Orsay ваучер, Ozdilek ваучер, Oliver Weber ваучер.

**25.08.2022**

Barcino аранжман во Грција 4, Max Optika ваучер, Motocentar ваучер, FABU Spot пакет производи 8, Carpisa производ, JYSK ваучер, XYZ ваучер, Orsay ваучер.

**01.09.2022**

iStyle – iPhone 13 PRO, Нептун – електричен тротинет, Barcino аранжман во Грција 5.

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА
# ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

- **ОБЈАВА НА ДОБИТНИЦИ**
  **ЧЛЕН 11**

  Добитниците ќе бидат објавувани во рок од три дена после секое извлекување на официјалната веб страница https://eastgatemall.mk/ .

- **ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ**
  **ЧЛЕН 12**

  Секој добитник ваучерот за својата награда може да ја подигне од Инфо Пулт на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, а потоа истиот ваучер го разменува за производи/услуги во продажното место на закупецот кој ја спонзорира наградата.
  Датите на извлекување се:
  07.07.2022; 14.07.2022; 21.07.2022; 28.07.2022; 04.08.2022; 11.08.2022; 18.08.2022; 25.08.2022; 01.09.2022.
  Доделување награди: Добиените награди ќе се доделат (ќе бидат достапни на Инфо Пулт во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ) во рок од 10 дена после секое објавување на добитниците.

- **ПОДИГАЊЕ НА НАГРАДИ**
  **ЧЛЕН 13**

  Постапката за прием на награда е следнава:
  Маркетинг секторот ги контактира избраните лица, кои ги посочува да ги подигнат ваучерите на инфо пултот кој се наоѓа во трговскиот центар на улица Беласица број 2, а оттаму да ги разменат во продажните субјекти во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ. Инфо пултот добива листа на добитните со телефонските броеви со кои ќе врши идентификација на добитници.
  Извлечениот добитник може да се пријави на Инфо Пултот во трговскиот центар, како и да ја подигне наградата во соодветен утврден краен рок.
  Добитникот на наградата е должен да ја подигне наградата лично.

- **ЗАПОЗНАВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 14**

  Официјалните правила на наградната игра по добивањето согласност од Министерство на Финансии, а пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на официјалната WEB страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

Учесниците на наградната игра ќе можат да се информираат за Официјалните правила на наградната игра преку различни информативно-рекламни материјали (флаери) кои можат да се подигнат од Инфо пултот во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, на социјалните медиуми како и на официјалната веб страница на трговскиот центар: www.eastgatemall.mk
Наградната игра и кампањата ќе биде најавена и комуницирана преку сите јавни гласила: телевизија, радио, билборди, електронски портали, социјални канали на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, веб страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.

- **ЗАМЕНА НА НАГРАДИ**
  **ЧЛЕН 15**

Учесниците во наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во официјалните правила од страна на организаторот. Замена на наградите со други предмети или други противвредности не е дозволена. Во ниеден случај нема да биде доделен поголем број на награди од назначениот.

- **ПРИГОВОРИ**
  **ЧЛЕН 16**

Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор или рекламација околу оваа активност, има право писмено да поднесе приговор до Организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување во рок од 10 дена, од денот на поднесувањето на приговорот. Приговорите и рекламациите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се доставаат најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на официјалното објавување на добитникот на наградата.

- **ОДГОВОРНОСТ**
  **ЧЛЕН 17**

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра ги разбира правилата и условите на наградната игра и се согласува дека учествува во наградната игра по своја сопствена волја. Организаторот на наградната игра не издава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку учествува со поголем број на фискални сметки.
Организаторот не подлежи на одговорност доколку наградата не може да биде доделена или искористена поради неможност на добитникот да ја подигне наградата во определениот рок за подигнување на наградите, околности предизвикани од виша сила.

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА ИСТ ГЕЈТ МАНИЈА

- **КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
  **ЧЛЕН 18**
  За учество и пријавување во наградната игра, учесниците не треба да оставаат свои лични податоци.

- **ДАНОЧНИ ОБВРСКИ**
  **ЧЛЕН 19**
  Даночните обврски за добитниците на наградите ги плаќа организаторот на наградната игра во име и за сметка на добитникот. Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани за наградите

- **ОДРЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 20**
  Наградната игра  по добивањето на дозволата за одобрение од Министерство за финансии може да се откаже во случај на виша сила.
  Во Случај на откажување на наградната игра, Организаторот навремено ќе ги информира потрошувачите за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување на официјалната WEB страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ и на официјалната FACEBOOK страна на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ како и на официјалната INSTAGRAM страница на ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ.

- **ВАЖНОСТ НА ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**
  **ЧЛЕН 21**
  Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на наградната игра и истите ќе важат се до завршувањето на истата. Со учество во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски во овие правила.

- **ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ**
  **ЧЛЕН 22**
  Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решаваат спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Скопје и во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија.

Организатор на наградната игра:
ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ

EAST GATE
MALL

Продажен субјект – продавница со продажно место во ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ дооел